# „МОДА НА ИДНИНАТА: ОТКРИЈТЕ ГИ ЕКОЛОШКИТЕ ТКАЕНИНИ“

**Денешниот поткаст е посветен на сите што се заинтересирани за модата и што прават свесни избори кои имаат вистинско влијание на нашата планета. Ќе се осврнеме на еколошките материјали кои радикално го променуваат светот на модата. Ќе го продлабочиме нашето знаење за органскиот памук, конопот, бамбусот и рециклираните ткаенини.**



## Епизода 1

**Органски памук – „Меката револуција“**
Добредојдовте во нашиот поткаст посветен на одржливата мода! Во оваа прва епизода, ќе навлеземе во светот на органскиот памук, често наречен „мека револуција“ во одржливата мода. Оваа еколошка алтернатива на обичниот памук станува сè попопуларна благодарение на бројните еколошки и здравствени придобивки.

**Што е органски памук?**
Најпрвин, треба да разјасниме што всушност е органскиот памук. За разлика од обичниот памук, органскиот памук се одгледува без употреба на синтетички пестициди, хербициди или вештачки ѓубрива. Секој инпут во неговото производство доаѓа од природни извори, што го прави побезбеден за животната средина и за оние кои учествуваат во производството.

**Зошто органскиот памук е толку важен?**
Органскиот памук е важен не само поради неговото одгледување. Органскиот памук бара околу 71% помалку вода од обичниот памук, што е клучно во време кога светските водни ресурси се под зголемен стрес. Бидејќи се избегнуваат штетни хемикалии, одгледувањето на органскиот памук го спречува загадувањето на почвата и водата, што доведува до поздрави екосистеми и подобра здравствена состојба на земјоделците кои го одгледуваат.

**Што значи органскиот памук за потрошувачите?**
За потрошувачите, органскиот памук нуди низа придобивки. Парчињата облека направени од органски памук не само што се поиздржливи, туку и се нежни на кожата, што ги прави идеални за луѓе со чувствителна кожа или алергии. Изборот на органски памук значи дека поддржувате моден избор што не придонесува за деградација на животната средина.

Ко-финансирано од Европска Унија
FERI
MATA

# „МОДА НА ИДНИНАТА: ОТКРИЈТЕ ГИ ЕКОЛОШКИТЕ ТКАЕНИНИ“

**Дали вреди да се одбере органско?**
Една од маните на органскиот памук е неговата често висока цена. Меѓутоа, инвестирањето во органски памук значи поддршка на поодржливи земјоделски практики, поправедни плати за земјоделците и подолготраен производ. Овој избор ја одразува посветеноста кон одржлива и етичка мода.

Се надеваме дека оваа епизода ви даде подлабоко разбирање за тоа зошто органскиот памук е толку вредна алтернатива за конвенционалните [3] материјали. Ви благодариме што ни се придруживте во истражувањето на одржливата мода и очекувајте ја следната епизода, во која ќе зборуваме за уште една иновативна ткаенина што ја преобликува индустријата!

## Епизода 2

**Коноп: „Древна ткаенина за иднината“**
Добре дојдовте назад во нашиот поткаст за одржлива мода. Денес, ќе се посветиме на конопот, древна ткаенина што се враќа во денешно време благодарение на своите извонредни еколошки придобивки.

**Што е коноп?**
Ткаенината од коноп се изработува од влакната на растението коноп, познат по својата трајност и по својата цврстина. Интересно е што конопот веќе илјадници години се користи за правење облека и бил популарен избор во изработувањето на платно за едра поради својата издржливост и отпорност во различни временски услови. Ова разноврсно растение се одгледува со илјадници години, и тоа не само заради потребите на текстилната индустријата, туку и заради своите семиња и маслото, што се користат во здрава храна, органски производи за нега на телото, па дури се користат и како биогориво.



Ко-финансирано од Европска Унија
FERI
MATA

# „МОДА НА ИДНИНАТА: ОТКРИЈТЕ ГИ ЕКОЛОШКИТЕ ТКАЕНИНИ“

Конопот е синоним за одржливост. Бара значително помалку вода од памукот, односно над четири пати помалку, и може да произведе речиси двојно повеќе влакна по хектар. За време на неговото одгледување не мора да се користат пестициди или хербициди и своите длабоки корени помагаат во спречување на ерозијата на почвата, ја обогатуваат почвата снабдувајќи ја со хранливи материи и го подобруваат здравјето на почвата. Ваквите еколошки придобивки го прават конопот претпочитан избор меѓу еколошки свесните потрошувачи, но и меѓу дизајнерите.

Парчињата облека изработени од коноп не само што се издржливи, туку и стануваат помеки со секое перење. За разлика од многу други влакна, цврстината на конопот се зголемува кога е мокар, што го прави неверојатно долготраен и совршен за секојдневно носење. Ткаенините му се биоразградливи, а со тоа се гарантира дека тие нема да опстојуваат на депониите со векови. Поради ова, конопот е лидерот на движењето кон поодржливи модни практики.



Постои една фасцинантна легенда дека конопот бил толку ценет за време на колонијалната ера што фармерите можеле да ги плаќаат даноците со него! Овој историски детаљ докажува колку е важен конопот низ историјата. Падот на неговата употреба во денешно време, главно поради регулаторните ограничувања, сега доживува пресврт, бидејќи придобивките од оваа одржлива земјоделска култура повторно излегуваат на виделина. Разноврсниот коноп не се користи само во текстилната индустрија, туку и за изработка на градежни материјали и за создавање на биогориво. Неговиот пробив во модата е потврда за неговата приспособливост и делотворност, служејќи како пример за одржливи индустриски практики. Како што се движиме кон поодржлива иднина, гледаме дека конопот игра клучна улога, не само во секојдневната мода, туку потенцијално и во високата мода, нудејќи еколошка алтернатива за синтетичките влакна кои доминираат на пазарот.

Конопот нуди одржлив пат за модната индустрија. Еколошките придобивки, во комбинација со своите разновидни употреби, го прават ткаенина на иднината.

Ко-финансирано од Европска Унија

# „МОДА НА ИДНИНАТА: ОТКРИЈТЕ ГИ ЕКОЛОШКИТЕ ТКАЕНИНИ“

Како што потрошувачите станувaат еколошки сè посвесни, побарувачката за одржлива и за етички произведена облека ќе се зголеми, зацврстувајќи го местото на конопот во модната индустрија. Со изборот на конопот, потрошувачите можат да уживаат во висококвалитетна, издржлива и еколошки одговорна облека која поддржува поодржлива иднина. Придружете ни се следниот пат додека продолжуваме да истражуваме повеќе еколошки ткаенини кои го менуваат светот на модата, конец по конец. Ви благодариме што се вклучивте денес и запомнете, правењето свесен избор во модата не е само тренд - тоа е промена на животниот стил кон поодржлива иднина.



## Епизода 3

**Бамбус: „Еко-борецот во текстилниот свет“**

Добре дојдовте во уште една епизода од нашиот циклус емисии за одржлива мода. Денес, ќе се фокусираме на бамбусот, брзо обновливо растение што го преобликува светот на еколошки ткаенини. Во оваа епизода ќе ги истражиме извонредните својства на бамбусот и неговото влијание врз одржливата мода.

Бамбусовата ткаенина е изработена од едно од најбрзорастечките растенија на Земјата, способно да порасне до 91 сантиметар (36 инчи) во период од 24 часа. Познат по своите брзи регенеративни способности, бамбусот може да се бере на секои три до пет години, за разлика од тврдите дрвја на кои може да им треба и до 40 години да созреат. Бамбусот се преработува во луксузно мека ткаенина која може да се мери со текстурата на свилата, што го прави омилен во областа на еко-модата.

Ко-финансирано од Европска Унија

# „МОДА НА ИДНИНАТА: ОТКРИЈТЕ ГИ ЕКОЛОШКИТЕ ТКАЕНИНИ“

Одржливоста на бамбусот е импресивна. Создава речиси 35% повеќе кислород од насадите на слични видови дрвја и може да зароби 12 тони јаглерод диоксид по хектар годишно, што го прави важен сојузник во борбата против климатските промени. Покрај тоа, бамбусите се природно отпорни на штетници и можат да растат без употреба на штетни пестициди или ѓубрива, што значително го намалува негативното влијание на земјоделството врз животната средина.



Освен што е неверојатно мека, бамбусовата ткаенина има природни антибактериски својства, кои го намалуваат мирисот на облеката и ја прават погодна за чувствителна кожа. Исто така, ја отстранува влагата во голема мера, со што корисникот останува сув и се чувствува удобно во различни климатски услови. Овие карактеристики ги прават парчињата облека од бамбус многу посакувани, и за секојдневна облека и за специјална облека за изведба. Бамбусовата ткаенина не само што ја поддржува еколошката одржливост, туку носи и бројни здравствени придобивки како заштита од УВ зраци и терморегулација, што го прави идеален и за летна и за зимска облека. Неговите уникатни својства помагаат во одржување на телесната температура, обезбедувајќи удобност во сите временски услови, а истовремено ја штити кожата од штетните ултравиолетови зраци.

Бамбусот се покажува како револуционерен елемент во модната индустрија, нудејќи комбинација на удобност, стил и одржливост. Брзото растење и ниското влијание врз животната средина го прават одржлив избор и за дизајнерите и за потрошувачите кои сакаат да го намалат својот еколошки отпечаток. Како што продолжуваме да ги истражуваме материјалите што можат да нè водат кон поодржлива иднина, бамбусот се истакнува како светол пример за тоа што е возможно. Ви благодариме што ни се придруживте во ова истражување на бамбусот и запомнете, изборот на одржливи ткаенини е моќен чекор кон поздрава планета. Придружете ни се следниот пат додека продолжуваме да ги откриваме материјалите што ги поставуваат стандардите за иднината на модата.

Ко-финансирано од Европска Унија

# „МОДА НА ИДНИНАТА: ОТКРИЈТЕ ГИ ЕКОЛОШКИТЕ ТКАЕНИНИ“

STOP fast fashion
Sustainable fashion

## Епизода 4




**ЛЕН: БЕЗВРЕМЕНСКАТА ЕКОЛОШКА ТКАЕНИНА**

Добредојдовте на нашето патување посветено на еколошките ткаенини, преку кое денес ја разоткриваме приказната за ленот, ткаенина стара колку самата цивилизација, а сепак совршено погодна за модерната, одржлива облека.

**Што е лен?**

Лененото платно се прави од влакната на ленот, една од најстарите земјоделски култури. Со историја која се протега иљадници години наназад до древниот Египет, каде што бил симбол за чистота и луксузност, ленот сѐ уште се цени поради својата елегантност и трајност.

**Одржливоста како предност на ленот**

Што го издвојува ленот од другите еколошки ткаенини? Растението лен бара мала количина вода и може да расте и во неквалитетна почва каде што многу други земјоделски култури не успеваат. Затоа одгледувањето лен не исцрпува толку ресурси колку културите како што е обичниот памук. Покрај тоа, ленот е разноврсен, бидејќи се користи секој дел од растението, со што се минимизира отпадот и се зголемува неговата еколошка вредност.

Производството на лен исто така има помал јаглероден отпечаток. Природниот процес на одгледување на оваа култура бара помалку пестициди и ѓубрива, што помага во одржување на поздрави екосистеми. Покрај начинот на одледување, ленот е биоразградлив, што гарантира дека по завршувањето на животниот циклус, ќе се врати во почвата и нема да ја загадува.

**Придобивки за потрошувачите**

Одржливоста не е единствената придобивка од ленот. Тоа е ткаенина која многу придонесува за вашата удобност. Познат по својата порозност и апсорбирањето на влага, лените парчиња облека ве разладуваат и ве одржуваат суви, што ги прави совршени за топла клима. Цврстината на

Ко-финансирано од Европска Унија

FERI

MATA

# „МОДА НА ИДНИНАТА: ОТКРИЈТЕ ГИ ЕКОЛОШКИТЕ ТКАЕНИНИ“

Stop fast fashion
Sustainable fashion

ткаенината е неспоредлива, до три пати поцврста од памукот, што гарантира дека вашите омилени ленени парчиња облека ќе траат со години.

Исто така, ленот омекнува со секое перење, обезбедувајќи исклучителен баланс на удобност и издржливост. Природните влакна му се хипоалергенични, што го прави идеален за чувствителна кожа. Познато е и дека ленот е отпорен на бактерии и мириси, па така со минимални напори ја одржува вашата облека свежа и чиста.

**Симбол на безвременска одржливост**

Изборот на лен е повеќе од модна изјава. Тоа е заложба за одржлив начин на живот. Како што потрошувачите стануваат посвесни за своето еколошко влијание, прифаќањето материјали како ленот помага да се насочи модната индустрија кон одговорни практики. Тој претставува потсетник дека стилот и одржливоста можат хармонично да коегзистираат.

Ленот го издржал испитот на времето, од своето древно потекло до својата сегашна улога како еколошки основен производ. Како што се стремиме кон поодржлива иднина, инвестирањето во лен значи инвестирање во квалитетот, долговечноста и здравјето на нашата планета.

Ви благодариме што ни се придруживте во ова истражување на ленот. Запомнете, правењето внимателен избор во модата не е само за убав изглед, туку за да се направи разлика. Останете и понатаму со нас додека го истражуваме светот на одржливата мода!



Ко-финансирано од Европска Унија
FERI
MATA

# „МОДА НА ИДНИНАТА: ОТКРИЈТЕ ГИ ЕКОЛОШКИТЕ ТКАЕНИНИ“

Како што ја завршуваме оваа серија на поткасти за одржлива мода, се надеваме дека стекнавте побогато разбирање за тоа како изборот на одржливи материјали може да има трајно, позитивно влијание врз нашата планета. Во текот на овие епизоди, ги истражувавме опциите како што се органскиот памук, конопот, бамбусот и ленот, истражувајќи како секој од овие материјали може да помогне да се намали еколошкиот отпечаток на модната индустрија.



Со правење свесен избор за ткаенините што ги носиме и што ги фаворизираме, секој од нас може да придонесе за поодржлив свет на модата. Запомнете, дури и малите промени во она што го купуваме или што го создаваме може да доведат до значајни промени.
Ви благодариме што ни се придруживте на ова патешествие кон поодржлива облека! Да продолжиме да истражуваме, да останеме љубопитни и да избираме ткаенини што се  добри и за луѓето и за планетата.
Заедно, можеме да се избориме против брзата мода.

*Кофинансирано од Европската Унија. Сепак, изразените ставови и мислења се само ставови на авторот/авторите и не ги одразуваат нужно ставовите на Европската Унија или на Фондацијата за развој на образовниот систем (FRSE). Ниту Европската Унија ниту FRSE не можат да бидат одговорни за нив.*

*All results developed as part of the „STOP FAST FASHION" project are made available under open licenses (CC BY-SA 4.0 DEED). They can be used free of charge and without restrictions. Copying or processing these materials in whole or in part without the author's consent is prohibited. If the results are used, it is necessary to provide the source of funding and its authors.*

Ко-финансирано од Европска Унија

FERI

MATA